СТАНАГ 6001 е скала на владеење на странски јазик која НАТО ја усвои во 1976 година. Оваа скала произлегува од ILR (Interagency Language Roundtable) што всушност претставува официјални описи на нивоа на јазични вештини кои владата на САД ги создаде за да го оцени познавањето на странски јазици на своите административни службеници. Во САД од секогаш постоел проблем во дефинирањето на способноста на владеење со странски јазик, поради тоа што низ историјата не се посветувало доволно внимание на јазиците во нивните општи образовни програми. Владата на САД заклучила дека има потреба од објективен систем, применлив за сите јазици и сите државни службени позиции, а истовремено независен од ниедна јазична програма. Затоа што академската заедница немала таков систем, владата развива свој сопствен наречен Government Language Skill Level Descriptions или попознат како ILR (Interagency Language Roundtable).

Согласно ова, скалата STANAG 6001 ( STANdardized AGreement)  одговара на широката потреба на НАТО за дефинирање на владеењето на странски јазик со цел да служи како заедничко мерило меѓу земјите членки кои ќе го споделат заедничкото разбирање за способноста да се владее јазикот без претходна подготовка. Скалата претставува еден објективен систем, применлив за сите јазици кој се користи од страна на повеќе земји. Описите на нивоа се јасни, така што позициите, без оглед дали се воени или цивилни, можат да се совпаднат со нивоата на владеење на јазикот, без конкретна поврзаност со некој одреден јазик или јазична програма. Овој пристап е усвоен со цел да ги задоволи овие потреби што се должат на големата разновидност на позициите, задачите и улогите на воениот и цивилниот персонал.